NEPTUN

# Референт за продажба во Скопје




Нептун е најголемата малопродажна и дистрибутивна мрежа на производи од бела техника, апарати за домаќинство, ТВ/Аудио/Видео, компјутери, телефони, фото апарати и камери, производи за нега и убавина, ладење и греење, во Македонија.
Нептун е бренд име на компанијата Нептун Македонија ДОО Скопје, основана во **1998** година, која во **1999** година станува дел од Нептун Интернешнал и Балфин Групација - **Balkan Finance Investment Group.**

Потребни се енергични, позитивни, услужливи и комуникативни кандидати, кои се ориентирани кон потребите на клиентите. Кандидатите треба да имаат развиена рутина и ефикасност во внесување и проверка на податоци во компјутерски системи. Искуство во продажба на техника и апарати за домаќинство ќе се смета за предност.

## Нашиот кандидат е:

- Услужлив, искрен, насмеан, со позитивен став и тимски дух
- Многу добро ја познава техниката, постојано учи новитети и ги следи најновите трендови во индустријата
- Знае да ги открие потребите на купувачите и да продаде „вредност“
- Придонесува за неповторливо купувачко искуство
- Ги решава проблемите на клиентите и знае да се справи со различни типови на купувачи
- Сака да пренесува знаење на своите колеги и заеднички се стремат кон успех
- Има познавање на англиски јазик и **MS Office**




## Нашата компанија нуди:

- Култура на почит, отвореност, взаемно помагање и тимска работа
- Продуктни обуки од врвни производители на техника
- Обуки за развивање на продажни техники и вештини
- Ментор и колеги кои ќе ти помогнат побрзо да навлезеш во работата
- Тим билдинг активности
- Плата **27 000** денари (по успешно поминатата обука од 3 месеци) + бонуси + сите останати додатоци
- Пакет на бенефиции
- Инсентив програми и квартални награди за најуспешните
- Работа во смени – **40** часа неделно

Доколку посакуваш да станеш дел од големо регионално семејство каде што ќе можеш да ги оствариш своите потенцијали те покануваме да ни се придружиш!